# Извештај
# за управување со животната средина
# во Макпетрол АД во 2021 година



| Точка | **Содржина** | Бр.Стр. |
|---|---|---|
| 1 | **Усогласување со законската регулатива од областа на животната средина во 2021 година во Макпетрол АД** | 3 |
| 1.1 | **Управување со видови на отпад во Макпетрол АД** | 4 |
| 1.1.1 | Управување со комерцијален отпад | 4 |
| 1.1.2 | Управување со опасен отпад | 5 |
| 1.1.3 | Управување со отпадни батерии и акумулатори пуштени на пазарот на Р.Македонија од Центар DELL и Центар HONDA | 7 |
| 1.1.4 | Управување со пакување и отпад од пакување, пуштени на пазарот на Р.Македонија | 8 |
| 1.1.5 | Управување со отпадна електрична и електронска опрема | 9 |
| 1.1.6 | Управување со отпадни масла од Центар HONDA | 10 |
| 1.1.7 | Управување со отпадни акумулатори | 10 |
| 1.1.8 | Управување со отпадно железо, отпаден месинг и отпаден алуминиум | 11 |
| 1.1.9 | Компании со кои Макпетрол АД соработува во управување со отпадот кој го создава | 12 |
| 1.2 | **Извештаи за Управување со отпад во согласност со законската регулатива на Р. Македонија** | 13 |
| 1.2.1 | Консолидиран извештај за отпад за 2021 година | 13 |
| 1.2.2 | Извештај за спроведени Програми за управување со отпад во 2021 година | 13 |
| 1.3 | **Извештаи за Управување со животна средина во согласност со законската регулатива на Р. Македонија** | 13 |
| 1.4 | **Исполнување на барањата кои произлегуваат од областа на животната средина, согласно законската регулатива за мерење на:** | 14 |
| | Емисии во вода | 14 |
| | Емисии во почва | 15 |
| | Бучава | 15 |
| | Емисии во воздух | 16 |
| 2 | **Реализација на еколошките цели со програмите за управување со аспектите на животната средина во Дирекција за малопродажба, Дирекција за големопродажба, Дирекцијата за стандардизација, квалитет и екологија (Фабрика за производство на Биодизел-FAME), Дирекцијата за одржување и Користење на ресурси во Макпетрол АД** | 18 |
| 3 | **Користење на ресурси во Макпетрол АД** | 20 |
| 3.1 | Потрошувачка на електрична енергија (kWh) | 20 |
| 3.2 | Потрошувачка на вода во $м^3$ | 22 |
| 3.3 | Користење на хартија за копирање и печатење | 24 |
| 3.4 | Искористени тонери | 25 |
| | Вкупен преглед за Реализација на еколошките цели со програмите за управување со аспектите на животната средина и Користење на ресурси во Макпетрол АД | 26 |
| 4. | **Општествен интерес за животната средина** | 27 |
| 5. | **Прилог** Имплементација на Законот за Управување со пакување и отпад од пакување, Сл.В 215/21 во Макпетрол АД | 28 |

## 1. Усогласување со законската регулатива од областа на животната средина во 2021 година во Макпетрол АД

Макпетрол АД е компанија која како правно лице, со нејзиниот предмет на работа и делување е вклучена во сите области на животната средина.

Во 2021 година, континуирано се следеше законската регулатива на Р. Македонија од областа на животната средина.

Деталната следливост на законската регулатива на ИМС е евидентирана во ПР.01.102 Процедура за следење на законската регулатива за аспектите на животната средина и за безбедноста и здравјето на вработените при работа, т.е. во ОБ.01.123/11 Регистар на закони за аспектите на животната средина и на закони за безбедноста и здравјето на вработените при работа.

Во 2021 година од областа на животната средина, донесени се следните законски регулативи:
-Законот за управување со отпадот, Сл.В.216/21;
-Управување со дополнителни текови на отпад во систем на одговорност на производителите, Сл.В.216/21;
-Управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори, Сл.В.176/21 ;
-Управување со пакување и отпад од пакување, Сл.В 215/21;
-Управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема, Сл.В. 176/21;
-Управување со посебни текови на отпад, Сл.В. 215/21.
Дел од ново донесените закони се имплементирани во тековното работење во Макпетрол АД. Дел од законите се со рокови за исполнување до 31.12.2022 година. За донесената законска регулатива, ќе се донесат и посебни Правилници за постапување. Во наведените Закони проширени се обврските на Колективните постапувачи и зголемени се прекршочните глоби за неисполнување на законските обврски.

<u>Прилог</u>
Со цел подобро запознавање со Законот за Управување со пакување и отпад од пакување, Сл.В 215/21, ги издвоивме најважните одредби кои се однесуваат на работењето на Макпетрол АД и го доставиме на засегнатите Дирекции.

## 1.1 Управување со видови на отпад во Макпетрол АД

### 1.1.1 Управување со комерцијален отпад

- Согласно Законот за Управување со отпад Сл. Весник на Р.М. бр.216/21, на објектите и деловните згради на Макпетрол АД одредено е место за садови/контејнери за собирање на комерцијален отпад. Комерцијалниот отпад не се меша со опасниот отпад. Капаците на садовите за отпад се со соодветна боја и се соодветно обележани. Отпадот во садовите се селектира на следниов начин:

  - Хартија и картон-Сина боја/Бела боја;
  - Амбалажа-Жолта боја;
  - Измешан комунален отпад-Зелена боја.

- Фреквенцијата на превземање на отпадот се врши од страна на компанијата ЈКП со која Макпетрол АД има склучено договор.
  Превземањето на отпадот исто така се врши и на неконтролиран начин, од страна на неформални собирачи.

**Табела бр.1 Количина на предаден комерцијален отпад**

| Вид на отпад | Шифра од Листа на видови отпад | Количина на предаден отпад | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **2020 година** | | **2021 година** | |
| | | во $m^3$ | во t | во $m^3$ | во t |
| Измешан комунален отпад | 200301 | **≈ 7000** | | **≈ 10000** | |
| Хартија и картон | 200101 | **≈434** | **≈2.335** | **≈400** | **≈4** |
| Пластика | 200139 | **≈68** | **≈0.19** | **≈50** | **≈1.725** |

- Во Деловните згради на Макпетрол АД се поставени посебни канти за собирање на отпад од хартија (бела боја) и отпад од пластика (жолта боја). Фреквенцијата на превземање на отпадот е по потреба од страна на компаниите со кои Макпетрол АД има склучено договор.

### 1.1.2. Управување со опасен отпад

- Опасниот отпад, т.е. остатокот од талогот на горивото од бензинска станица/склад на МП, кој не може да се користи како збогатувач на калоричната вредност на други видови цврсти горива и течни горива, од бензинска станица/склад, соодветно се собира во посебни садови (буре, контејнер) и привремено се чува во Склад Илинден, на собирно место до негово превземање од страна на овластена компанија, проследено со соодветна документација.
- Цврстиот и течен опасен отпад од лабораторијата за анализа на нафтени деривати и биодизел, привремено се чува во Склад Илинден, на собирно место до негово превземање од страна на овластена компанија, проследено со соодветна документација.
- Согласно Законот за Управување со отпад Сл. Весник на Р.М. бр.216/21 Макпетрол АД има договор за собирање и транспортирање на опасен отпад со Друштво за заштита на животната средина која управува со опасен отпад ДЗЖ "Еко-Теам ДОО Скопје", со добиена дозвола од Министерството за животна средина и просторно планирање со бр.11-3549/2.

**Табела бр.2 Количина на предаден опасен отпад**

| Вид на опасен отпад | Шифра од Листа на видови отпад | Количина на предаден отпад во тони (t) | |
|---|---|---|---|
| | | **2020 година** | **2021 година** |
| Отпад од течни горива (бензин) | 130703* | **1.58** | **1.345** |
| Отпад од течни горива (дизел) | 130701* | **/** | **2.157** |
| Пакување што содржи остатоци или е загадено со опасни супстанци (шишиња и вреќи) | 150110* | **1.033** | **0.62** |
| Мешан кисело-базен отпад | 130703* | **/** | **1.02** |
| Мешан органски отпад | 130703* | **/** | **0.366** |

**Слика 1 и 2 Превземање на опасен отпад од Склад Илинден**





### 1.1.3Управување со отпадни батерии и акумулатори пуштени на пазарот на Р.Македонија од Центар DELL и од Центар HONDA

- Согласно Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори Сл. Весник на Р.М. бр.176/21, Макпетрол АД склучи договор со “Нула Отпад ДОО Скопје”, со добиена дозвола од Министерството за животна средина и просторно планирање со бр.11-8349/3 за превземање на обврски за постапување со отпад од батерии и акумулатори и отпад од електрична и електронска опрема кои се пуштени на пазарот на Р.Македонија.
- Месечно се води евиденција и истата се доставува до овластената компанија за управување со батерии и акумулатори.

**Табела бр.3 Количина на отпад од отпадни батерии и акумулатори, од Центар DELL и од Центар HONDA, пуштени на пазарот на Р. Македонија**

| Вид на отпад | Количина од отпадни батерии и акумулатори пуштен на пазар во килограми (kg) | |
|---|---|---|
| | **2020 година** | **2021 година** |
| Од преносни компјутери литиум јонски, 3 ќелиски | **159.84** | **114.72** |
| Од преносни компјутери литиум јонски, 4 ќелиски | **234.80** | **213.4** |
| Од преносни компјутери литиум јонски, 6 ќелиски | **37.29** | **26.07** |
| Од преносни компјутери литиум јонски, 9 ќелиски | **1.80** | **0.45** |
| Автомобилски оловни, 38 Ah | **0** | **4** |
| Автомобилски оловни, 45 Ah | **0** | **1** |
| За моторцикли литиумски, 2 Ah | **8.25** | **/** |
| За моторцикли оловни, 2,3 Ah | **2.12** | **5** |

- Согласно Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори Сл. Весник на Р.М. бр.176/21, на бензинските станици: 001 Индустриска, 002 Партизанска, 004 Козле, 053 Лисиче, 153 Ново лисиче, 046 Гевгелија и во Деловната зграда на Макпетрол АД-Скопје, поставени се посебни туби за собирање на отпадни батерии.

### 1.1.4 Управување со пакување и отпад од пакување, пуштени на пазарот на Р.Македонија

- Согласно Законот за Управување со пакување и отпад од пакување, Сл. Весник на Р.М. 215/21, производителите и трговците имаат обврска да водат грижа за амбалажата на производите кои ги пуштаат на пазарот во Р.Македонија. Со цел исполнување на оваа обврска Макпетрол АД, има склучено договор со “Пакомак ДОО-Скопје”, со добиена дозвола од Министерството за животна средина и просторно планирање со бр.11-446/2 за управување со пакување и отпад од пакување.
- Месечно се доставува евиденција до овластената компанија за управување со отпад од пакување.

**Табела бр.4 Количина на отпад од пакување, пуштена на пазарот на Р. Македонија**

| Отпад од пакување од: Crystal Car, Lubex, Antifrizz, Valvoline, Дестилирана вода, Центар DELL | Вид на отпад | Количина на отпад од пакување пуштен на пазар во килограми (kg) | |
|---|---|---|---|
| | | **2020 година** | **2021 година** |
| | Пластика | **10787** | **11586** |
| | Хартија | **12338** | **16745** |
| | Композитни материјали | **156** | **148** |

### 1.1.5 Управување со отпадна електрична и електронска опрема

**I**

- Отпадната електрична и електронска опрема (отпадни компјутери, принтери, тонери, неонски светилки и сл.), кои произлегуваат од тековното работење, а кои се расходувани од страна на пописната комисија од Одделението за пописи, привремено се собираат и чуваат во Главната деловна зграда на Макпетрол АД во Скопје, до нејзино превземање од страна на овластена компанија и проследено со соодветна документација.
- Согласно Согласно Законот за управување со електричната и електронската опрема и отпадна електрична и електронска опрема Сл. Весник на Р.М. бр. 176/21, отпадот се предава Еко Циркон Доо Скопје.

**Табела бр.5 Количина на отпадна електрична и електронска опрема**

| Вид на отпад | Шифра од Листа на видови отпад | Количина на предаден отпад (kg) | |
|---|---|---|---|
| | | **2020 година** | **2021 година** |
| Отпадна електрична и електронска опрема | 20 01 36 | **2040** | **1772** |

**II**

- Согласно Законот за управување со електричната и електронската опрема и отпадна електрична и електронска опрема Сл. Весник на Р.М. бр. 176/21, за пуштена на пазар во Р.Македонија од Центар DELL и Дирекцијата за ИТ за фискалните апарати, , Макпетрол АД склучи договор со “Нула Отпад ДОО Скопје” за превземање на обврски за постапување со електрична и електронска опрема со бр.11-8349/3 на дозвола од Министерството за животна средина и просторно планирање.
- Месечна евиденција се доставува до овластената компанија за управување со овој вид на отпад.

### 1.1.6 Управување со отпадни масла од Центар HONDA и тековното работење во Макпетрол АД

- Количествата на отпадните масла од Центарот HONDA и од тековното работење во Макпетрол АД, се чуваат на обележано место и во соодветни садови, се до нивно превземање од страна на овластена компанија, со која Макпетрол АД има склучено договор, проследено со соодветна документација.
- Согласно Законот за Управување со отпад Сл. Весник на Р.М. бр.216/21, Макпетрол АД склучи договор за собирање и транспортирање на отпадни масла со Ауто-Хаус Заковски Дооел, со број на дозвола од Министерството за животна средина и просторно планирање 11-4061/1.

**Табела бр.6 Количина на предадени отпадни масла**

| Вид на опасен отпад | Шифра од Листа на видови отпад | Количина на предадени отпадни масла во тони (t) | |
|---|---|---|---|
| | | **2020 година** | **2021 година** |
| Синтетски моторни и тр. Масла и масла за подмачкување | 13 02 05* | **2.94** | **3.58** |

### 1.1.7 Управување со отпадни акумулатори

- Во согласност со Законот за управување со отпад Сл. Весник на Р.М. бр.216/21, како и Листата на видови отпад Сл. Весник на Р.М. бр.100/05, предадени се отпадни акумулатори, кои произлегуваат од тековното работење во Макпетрол АД на овластена компанја за управување Еко Циркон Доо Скопје.

**Табела бр.7 Управување со отпадни акумулатори**

| Вид на отпад | Шифра од Листа на видови отпад | Количина на предадени отпадни акумулатори во тони (т) | |
|---|---|---|---|
| | | **2020 година** | **2021 година** |
| Отпадни акумулатори | 16 01 06 | **/** | **0,129** |

### 1.1.8 Управување со отпадно железо, отпаден месинг и отпаден алуминиум

- Во согласност со Законот за управување со отпад Сл. Весник на Р.М. бр.216/21, како и Листата на видови отпад Сл. Весник на Р.М. бр.100/05, отпадното железо, отпадниот месинг, отпадниот алуминиум е предадено на овластена компанја за управување со секундарни суровни: Еко Циркон Доо Скопје.

**Табела бр. 8 Количина на предадено отпадо железо, отпаден месинг и отпаден алуминиум**

| Вид на отпад | Шифра од Листа на видови отпад | Количина на предадени отпадно железо, отпаден месинг, отпаден алуминиум во тони (т) | |
|---|---|---|---|
| | | **2020 година** | **2021 година** |
| Отпадно железо | 17 04 05 | **123.89** | **44.76** |
| Отпаден месинг | 17 04 01 | **6.87** | **0.144** |
| Отпаден алуминиум | 17 04 01 | **/** | **0.44** |

**1.1.9 Компании со кои Макпетрол АД соработува во управување со отпадот кој го создава**

| Управување со отпад во Макпетрол АД | | |
|---|---|---|
| **Бр.** | Вид на отпад | Компанија со која Макпетрол АД има склучено договор со решение број на Дозвола од МЖСПП |
| 1. | Отпадна пластика | ПАКОМАК ДОО СКОПЈЕ<br>Дозвола бр. 11-446/2 |
| 2. | Отпадна хартија | |
| 3. | Отпадна (стара и  неисправна) електронска и електрична опрема<br>Отпаден текстил | Друштво за услуги и трговија<br>Ф-ГРУПАЦИЈА ДОО<br>Дозвола бр.11—6462/2 |
| 4. | Отпад од батерии и акумулатори пуштени на пазар во Р.Македонија | Друштво за управување со отпад-НУЛА ОТПАД ДОО Скопје<br>Дозвола бр.11—8349/3 (колективен постапувач) |
| 5. | Електричната и електронската опрема пуштена на пазар во Р.Македонија | Друштво за управување со отпад-НУЛА ОТПАД ДОО Скопје<br>Дозвола бр.11—8349/3 (колективен постапувач) |
| 6. | Управување со отпад од пакување пуштено на пазар во Р.Македонија | ПАКОМАК ДОО СКОПЈЕ<br>Дозвола бр. 11-446/2 (колективен постапувач) |
| 7. | Опасен отпад (отпаден талог од дизел гориво, бензини, киселини, цврст отпад, отпадно масло, тиња, земја од сепаратор)<br>Апсорбенси и филтерски материјали | Друштво за Заштита на животна средина, ЕКО-ТЕАМ<br>Дозвола бр. 11-3549/2 |
| 8. | Отпадни масла | Ауто-Хаус Заковски Дооел<br>Дозвола бр. 11-4061/1 |
| 9. | Отпадно железо, месинг и алуминиум<br>Отпадна гума<br>Отпадни акумулатори<br>Отпаден текстил | Еко Цикрон ДОО<br>УП1-23- 708/2017 и останати компании по потреба |
| 10. | Отпадни тонер касети | ГНЛ Лимитед Компани дооел<br>Дозвола бр.  11-7923/1 |
| 12. | Масло и маст за јадење | Суниленс ДООЕЛ Скопје<br>Дозвола бр. 11-4940/1 |

## 1.2 <u>Извештаи за Управување со отпад во согласност со законската регулатива на Р. Македонија</u>

### 1.2.1 Консолидиран извештај за отпад за 2021 година

Во согласност Законот за управување со отпад Сл. Весник бр.216/21, изработен и доставен е Консолидиран извештај за 2021 година за постапување со комерцијален и опасен отпад во Макпетрол АД до Министерството за животна средина и просторно планирање.

### 1.2.2 Извештај за спроведени програми за управување со отпад во 2021 година од Програмата за управување со отпад за 2019-2021 година

Во согласност Законот за управување со отпад Сл. Весник бр.216/21 изработен е Извештај за спроведени програми за управување со отпад во 2021 година во Макпетрол АД и истиот е доставен до Министерството за животна средина и просторно планирање. Извештајот е направен врз основа на претходно доставените "Програми за управување со отпад за 2019-2021 година на Макпетрол АД".

## 1.3 <u>Извештаи за Управување со животна средина во согласност со законската регулатива на Р. Македонија</u>

**1.3.1** Во согласност со барањата на А-интегрираната еколошка дозвола на Фабриката за производство на Биодизел со број бр. УП 1-11/3 бр.281/2018 од 21.06.2019 година, издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање, доставување на Известување за годишен извештај и месечни известување за функционалноста на Фабриката.

**1.3.2** Во согласност со Законот за квалитет на амбиентниот воздух – пречистен текст (Сл. Весник на РМ бр. 100/2012), член 45 и Правилникот за формата и содржината на обрасците на доставување на податоците од емисиите во амбиентниот воздух од стационарни извори, начинот и временскиот период на доставување согласно капацитетот на инсталацијата, содржината и начинот на водење на Дневникот на емисии во амбиентниот воздух (Сл. Весник на РМ бр. 79/2011), член 3, став 2 и 5, инсталациите кои поседуваат интегрирана еколошка дозвола и за останатите стационарни извори (котлари), пополнети се и доставени Дневници на емисии во амбиентниот воздух од сите стационарни извори на Макпетрол АД., до Министерството за животна средина и просторнопланирање.

**1.3.3** Во согласност со Законот за животна средина Сл.В. на РМ бр.53/05, со измените, а по барање на Технолаб, кои се овластени од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, за одржување на Катастар на загадувачи на животната средина, изработен е и доставен Катастар на загадувачи на животната средина за подрачјето РЕ Битола (за бензинските станици: 016, 017, 019, 020, 058, 105, 117, 128 и склад Битола).

## 1.4 Исполнување на барањата кои произлегуваат од областа на животната средина, согласно законската регулатива за емисии во вода, почва, бучава и воздух

### Емисии во вода

| Ред. Број | Локација | Законска регулатива | Мерно место | Париметар што се испитува | Фрекфенција на мерење | Вид на Извештај што се доставува | Институција на која се доставува |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ТНГ Миладиновци | Правилник за условите и граничните вредности на емисија за испуштање на отпадните води по нивното прочиствување, начинот на нивното пресметување, имајќи ги во предвид посебните барања за заштитените зони Сл.В. на РМ 81/11 | Пречиситителна станица | pH, суспендирани материи, БПК и ХПК | 2 пати годишно | Извештај од мониторинг | МЖСПП |
| 2 | Склад Илинден | Закон за животна средина, Сл.В. на РМ бр.53/05, со измените, глава V-Мониторинг во животна средина | Сепаратор | pH, суспендирани материи, БПК и ХПК, масти и масла | 1 годишно | Извештај од мониторинг | МЖСПП |

### Емисии во почва

| Ред. Број | Локација | Законска регулатива | Мерно место | Париметар што се испитува | Фрекфенција на мерење | Вид на Извештај што се доставува | Институција на која се доставува |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Авиосервис Петровец | Закон за животна средина, Сл.В. на РМ бр.53/05, со измените, глава V-Мониторинг во животна средина | Мерно место 1-околина на Склад на МП, во рамките на Аредромот во Петровец, Скопје | pH, вкупен азот, вкупен фосфор, масти и масла | 1 годишно | Извештај од мониторинг<br>**За резултати за извештајот користен е холандски стандард и канадска регулатива* | -МЖСПП,<br>-TAV |

## Бучава

| Ред. Број | Локација | Законска регулатива | Мерно место | Париметар што се испитува | Фрекфенција на мерење | Вид на Извештај што се доставува | Институција на која се доставува |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Деловна зграда на Макпетрол АД Центар, Скопје | -Закон за животна средина, Сл.В. на РМ бр.53/05, со измените, глава V-Мониторинг во животна средина,<br>-Правилник за гранични вредности на ниво на бучава во жив.сред., Сл.В. на РМ 147/2008 | Деловна зграда на МП | Ld/aeq (dB), Lamax (dB) | 1 годишно | Извештај од мониторинг | -МЖСПП, ДИЖС |

## Емисии во воздух

| Ред. Број | Локација | Законска регулатива | Број на ложишта | Параметар што се испитува | Фрекфенција на мерење | Вид на Извештај што се доставува | Институција на која се доставува |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Фабрика за Биодизел | -Закон за животна средина, Сл.В. на РМ бр.53/05, со измените,<br>-Закон за квалитет на амбиентен воздух сл.в.67/04, со измените<br>-Правилник за формата и содржин. На обрасците на доставување..<br>Сл.В. на РМ 79/11<br>Правилник за ГВЕ Сл.В. на РМ бр.223/ 2019 и Сл.В.на РМ бр.141/10 | **2**<br>(1 Екстра лесно + 1* глицерин)<br><br>*Котелот на глицерин се контролира кога фабриката работи | Брзина, проток, Nox, CO, CO2, O2, SO2, чаден број | 1 годишно<br><br>*Квартално доколку фабриката работи континуирано 3 месеци | Дневник за емисии на амбиентен воздух од стационарни извори<br><br>* Извештаи согласно барања од А-интегрирана дозвола доколку фабриката работи | МЖСПП-Македонски информативен центар за животна средина |
| 2 | Дирекција за Одржување | | **3** | | 1 годишно | Дневник за емисии на амбиентен воздух од стационарни извори | |
| 3 | Центар Хонда | | **1** | | | | |
| 4 | Склад Илинден | | **1** | | | | |
| 5 | Управна зграда | | **3** | | | | ДИЖС |

Параметрите од сите извршени мерења, се во рамкикте на ГВЕ (гранични вредности на емисии), согласно законската регулатива на СРМ.

Тестирање на штетни материи во воздухот и тестирање на нивото на бучава во животната средина од котларницата за загревање на управната зграда на Макпетрол АД

Слика бр.3 и бр.4





Земање примероци на отпадна вода во Склад Илинден

Слика бр.5



**2. Реализација на еколошките цели со програмите за управување со аспектите на животната средина во Дирекцијата за малопродажба, Дирекцијата за големопродажба, Дирекцијата за стандардизација, квалитет и екологија (Фабрика за производство на Биодизел-FAME), Дирекција за одржување и Користење на ресурси во Макпетрол АД**

**Програма број 1, 4, 5, 10, 15 -Да се одржуваат редовни обуки за заштита од пожари, периодични проверки на знаењето и тактично показни вежби и да се вршат функционални проби на стабилни системи за заштита од пожари (Гаснење и Ладење).**

Дирекцијата за големопродажба – Сектор за безбедност во делот на заштитата од пожари и експлозии во текот на 2021 година, изврши:

1. Обука за работа на складирање и дејства сврзани со складирањето запаливи течности и гасови на 157 новопримени работници;
2. Обука за работа на товарење или истовар или други постапки во врска со товарењето или истоварот (наточување, претовар, преточување, источување, чување) на опасни материи на 157 новопримени работници.
3. Функционални проби на стабилните системи за заштита од пожари (гаснење и ладење) во следниве објекти:

| Бр. | ОБЈЕКТ | ДАТА (Пролет) | ДАТА (Есен) |
|---|---|---|---|
| 1. | Склад за запаливи течности „Илинден“ – Скопје | 11.05.2021 | 27.09.2021 |
| 2. | Полнилница за ТНГ„Миладиновци“ – Скопје | 28.04.2021 | 05.10.2021 |
| 3. | Склад за ТНГ „Гостивар“ – Гостивар | 03.06.2021 | 29.09.2021 |

Тактичко – показните вежби за гаснење пожари и проверка на знаењето за вработените во организационите единици на Макпетрол АД – Скопје, коишто беа планирани со Планот за обуки на Секторот за безбедност за 2021 година не се спроведоа, поради вирусот Ковид 19, односно забраната за собирање во групи (групирање) на повеќе лица.

**Програма број 2 и 6 – Чистење на резервоарите и евиденција на количините за создаден/предаден отпад**

Од чистење на резервоарите во складовите и бензинските станици на Макпетрол АД, собрана е количина на опасен отпад (горива), кој се складира во буриња "Собирно место" во Склад Илинден. Во табела 8, прилог на предаени количини на отпад од течни горива.

**Табела бр. 8** Количина на опасен отпад (горива)

| Вид на опасен отпад | Шифра од Листа на видови отпад | Количина на отпад во тони (t) | |
|---|---|---|---|
| | | **2020 година** | **2021 година** |
| Отпад од течни горива (бензин и дизел) | 130701*<br>130703* | **1,58** | **3,5** |

Во 2021 година редовно се пополнуваа дневниците за количините на создаден и предаден отпад на бензинските станици и складови на Макпетрол АД.

**Програма број 3 Чистење и отстранување на отпадот од сепараторите**

На бензинските станици на Макпетрол АД за заштита на системот за одведување на отпадните води, вградени се два типа на сепаратори и тоа:

- пластични сепаратори со соодветна опрема и
- бетонски сепаратори со дополнително вградени филтри. Со вградувањето на филтрите (коалесцентни вентили) во целост е изедначена функцијата на бетонската шахта со пластичниот сепаратор.

Чистењето на сепараторите и остранување на отпадот (мил од одвојувач масло/вода), на бензинските на Макпетрол АД се врши на 2 години или по потреба во зависност од собраните количини, и соодветно се предава на овластена компанија за превземање, ЕКО-ТЕАМ, Скопје. Во 2021 година создадена е количина на отпад од сепараторите од 170кг, која се чува во Склад Илинден до понатамошно предавање.

**Програма број 7** Контрола на квалитет на отпадна вода во пречистителна станица ТНГ Миладиновци – Одржување на пречистителната станица и контрола на квалитет на отпадна вода, спроведена од страна на Флуид проект, компанија со која Макпетрол АД има склучено договор.

**Програма број 8** Управување со отпад од пластика во ТНГ Миладиновци- евиденција на количините за отпад од пакување и доставување на извештаите до овластена компанија Пакомак.

**Програма број 9 и 16** – Управување со отпад од метал во ТНГ Миладиновци и Одд. за преглед и сервисирање на ППА. Предаден отпад од метал и месинг од ТНГ боци и ППА на соодветна овластена компанија.

**Програма број 11** – Мониторинг на квалитет на воздух во Фабрика за производство на биодизел-FAME.

**Програма број 12 и 13** – Управување со течен и цврст отпад од Фабрика за производство на биодизел-FAME и Лабораторија. Предаден е отпад на овластена компанија за превземање на опасен отпад

**Програма број 14** – Мониторинг на бучава во Фабрика за производство на биодизел-FAME**.**

## 3. Користење на ресурси во Макпетрол АД

### 3.1 Потрошувачка на електрична енергија, Програма 17



**Графикон 1**

**Вкупна потрошувачка на електрична енергија (kWh), споредбено во 2020 и 2021 година**




| | Јан. | Фев. | Март | Апр. | Мај | Јуни | Јули | Авг. | Сеп. | Окт. | Ноем. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| kWh 2020г. | 1.611. | 1.311. | 1.196. | 916.83 | 811.25 | 829.79 | 984.85 | 991.10 | 916.64 | 935.16 | 1.217. | 1.390. |
| kWh 2021г. | 1.471. | 1.267. | 1.308. | 992.66 | 810.27 | 870.37 | 1.046. | 1.028. | 829.07 | 1.052. | 1.184. | 1.472. |

Вкупната потрошувачка на електрична енергија на објектите на Макпетрол АД, за 2021 година е 13.334.523,71kWh, што значи има зголемување на потрошувачката на електрична енергија во споредба со 2020 година, кога вкупната потрошувачка на електрична енергија била 13.113.410,06 kWh.
Зголемувањето се должи на намалување на COVID мерките како и отварање на граничните премини кон Грција.

Во 2021 година не се поставија нови фотонапонски централи, во функција беше само постоечката фотонапонска централа од која се произведоа 115.974,70 kWh.

**Табела бр.10**
**Производството на електрична енергија од фотоцентралата во 2021 год, по месеци**

| Месец | Произведено kWh | Предадено kWh |
|---|---|---|
| 1 | 4.774,90 | 1.231,80 |
| 2 | 7.059,70 | 3.287,40 |
| 3 | 10.136,70 | 5.334,60 |
| 4 | 10.992,90 | 5.790,00 |
| 5 | 13.881,40 | 7.197,00 |
| 6 | 14.121,50 | 5.901,60 |
| 7 | 14.888,70 | 4.296,00 |
| 8 | 13.379,90 | 3.198,00 |
| 9 | 10.504,70 | 3.696,00 |
| 10 | 6.889,40 | 2.769,00 |
| 11 | 4.453,90 | 1.326,60 |
| 12 | 4.891,00 | 1.480,80 |
| **Вкупно:** | 115.974,70 | 45.508,80 |

Планирање за 2022 година:

Во 2022 година, на објект од Макпетрол АД во завршна фаза е поставување на брз полнач за електрични автомобили и се планира поставување на најмалку уште еден брз полнач на објектите на Макпетрол АД.

Во 2022 година се планираат и се започнати проекти за поставување на уште две фотонапонски централи за производство на електрична енергија.

Намалувањето на потрошувачката на електрична енергија во Макпетрол АД е насочено кон користење на алтернативни извори на енергија.

*Податоците се добиени од Дирекција за Развој и Инвестиции, Сектор за Развој

## 3.2. Потрошувачка на вода во (м$^3$), Програма 18



### Графикон 2
### Вкупна потрошувачка на вода во (м$^3$), споредбено во 2020 и 2021 година




| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2021 год | 29088 | 4197 | 7624 | 6653 | 12823 | 29127 | 7846 | 10785 | 14508 |
| 2020 год | 33569 | 3249 | 15922 | 21649 | 4958 | 31723 | 4655 | 5707 | 10770 |

Регион

1 РЕ Скопје

2 РЕ Прилеп

3 РЕ Битола

4 РЕ Полог

5 РЕ Струмица

6 РЕ Кавадарци

7 РЕ Кочани

8 РЕ Куманово

9 РЕ Охрид

Во делот за намалувањето на потрошувачката на вода на одредени б.с. покрај приклучокот на водоводна мрежа се користи и бунарска вода за одржување на зелените површини и за останатите потреби. На овој начин значително се намалува потрошувачката на вода.

Се користат и други алтернативни решенија за намалување на трошоците за вода, како на б.с. 046 Гевгелија каде има поставено резервоар за техничка вода, кој по потреба се надополнува и се користи за наводување на зелените површини.

| п.е. | б.с. | | п.е. | б.с. | |
|---|---|---|---|---|---|
| **РЕ Прилеп** | | | **РЕ Велес** | | |
| 027 | Б.С. Крушево | **бунар** | 072 | Б.С. Велес III | **бунар** |
| 095 | Б.С. Кривогаштани | **бунар** | 132 | Б.С. Ашауа - Велес | **бунар/водовод** |
| 163 | Б.С. Бучила | **бунар** | **РЕ Скопје** | | |
| **РЕ Охрид** | | | 002 | Б.С. Партизанска | **бунар/водовод** |
| 168 | Б.С. Вевчани | **бунар** | 018 | Б.С. Катланово | **бунар** |
| **РЕ Струмица** | | | 070 | Б.С. Илинденска | **бунар/водовод** |
| 045 | Б.С. Три Чешми I | **бунар/водовод** | 079 | Б.С. Петровец | **бунар** |
| 075 | Б.С. Ново Село | **бунар** | 169 | Б.С. Ќојлија | **бунар** |
| 112 | Б.С. Три Чешми II | **бунар** | **РЕ Куманово** | | |
| 126 | Б.С. Конче | **бунар** | 013 | Б.С. Куманово I | **бунар/водовод** |
| 133 | Б.С. Штип 8-ми километар | **бунар** | 081 | Б.С. Романовце | **бунар** |
| **РЕ Полог** | | | 139 | Б.С. Дељадровци | **бунар** |
| 114 | Б.С. Бигорски | **бунар** | | | |
| 192 | Б.С. Желино | **бунар** | | | |

*Податоците за количини на потрошена вода добиени се од Дирекција за малопродажба, Сектор за логистичко-оперативна координација

### 3.3 Користење на хартија за копирање и печатење, Програма 19



**Графикон 3**

**Искористена хартија за копирање и печатење во 2020 и 2021 година**




Потрошувачката на хартија за копирање и печатење за потребите на работењето во Макпетрол АД во 2021 година е 1212 кутии, а во 2020 година е 1087 кутии.

Од графиконот може да се забележи дека во 2021 година потрошувачката на хартија за печатење за матрични принтери е 1150 кутии, тука се забележува намалување во однос на 2020 година, кога се потрошени 1363 кутии.

**Забелешка:** Да се превземат активности за зголемување на свеста на вработените за намалување на потрошувачката на хартија, да се почитуваат зелените совети, т.е. да се принта паметно.

*Податоците се добиени од Дирекција за информатички технологии, Одделение за графички услуги

### 3.4 Искористени тонери, Програма 20



**Графикон 4**

**Вкупен број на потрошени тонери во 2020г. и 2021г.**




Согласно податоците, во 2021 година за потребите на Макпетрол АД, испорачани се 1457 тонери за поединечни принтери, што претставува намалување во однос на 2020 година, кога се потрошени 1628 тонери. Намалувањето на користењето на поедниечните принтери, се должи на користење на мрежните принтери, кои се поставени во 2019 година, и се рефилни.

*Податоците за количините на потрошени/нарачани тонери се добиени од Дирекција за дополнителен асортиман, Сектор за интерни набавки

**Вкупен преглед за Реализација на еколошките цели со програмите за управување со аспектите на животната средина за Дирекцијата малопродажба, Дирекцијата големопродажба и Дирекцијата за стандардизација, квалитет и екологија (Фабрика за производство на биодизел-FAME и Лабораторија), Дирекцијата за одржување и Користење на ресурси во Макпетрол АД**

**Табела бр.9**

<table>
<tr><th>Број на програма за управување со аспектите на животната средина</th><th>Да</th><th>Не</th><th>Објаснување</th></tr>
<tr><td>1, 4, 5, 10, 15</td><td>√</td><td></td><td>Спроведени обуки на вработените согласно Планот за обуки на Секторот за безбедност</td></tr>
<tr><td>2, 6</td><td>√</td><td></td><td>Предавање на опасен отпад од чистење на резервоарите со гориво</td></tr>
<tr><td>3</td><td>√</td><td></td><td>Чистење на сепаратори на б.с.</td></tr>
<tr><td>7</td><td>√</td><td></td><td>Контрола на отпадна вода во ТНГ Миладиновци</td></tr>
<tr><td>8</td><td>√</td><td></td><td>Евиденција на отпад од пластика од ТНГ Миладиновци</td></tr>
<tr><td>9, 16</td><td>√</td><td></td><td>Предаден отпад од железо и месинг (ТНГ боци и ППА) ТНГ Миладиновци и Одд. за преглед и сервисирање на боци</td></tr>
<tr><td>11</td><td>√</td><td></td><td>Мерење на емисии во воздух-Биодизел</td></tr>
<tr><td>12,13</td><td>√</td><td></td><td>Предавање на опасен отпад-Фабрика и Лабораторија</td></tr>
<tr><td>14</td><td></td><td>√</td><td>Мерење бучава- Фабрика за Биодизел<br>(доколку Фабриката работи)</td></tr>
<tr><td>17</td><td>√</td><td></td><td rowspan="4">Анализа и следење на годишно ниво на потрошувачка на електрична енергија, вода, хартија, тонери<br>Препораки за менување на навиките и подигнување на свеста на вработените при користење на ресурсите</td></tr>
<tr><td>18</td><td>√</td><td></td></tr>
<tr><td>19</td><td>√</td><td></td></tr>
<tr><td>20</td><td>√</td><td></td></tr>
</table>

## 4. Општествен интерес за животната средина

„Макпетрол“ АД, како општествено одговорна компанија, континуирано презема соодветни мерки за справување со актуелните еколошки проблеми. Овој пат, преку донација на урбано зеленило во хортикултурното уредување на јавна парк површина во град Скопје – Сквер кај Веро и ПП бригада во општина Карпош, „Макпетрол“ АД даде придонес кон подобрување на условите за урбано живеење и заштитата на животната средина.

Новозасаденото урбано зеленило донирано од страна на „Макпетрол“ АД, овозможува директни еколошки придобивки за градот и населението – намалување на загадувањето на воздухот, намалување на ефектот на „урбаните топлотни острови“, намалување на бучавата, со еден збор подобрување на условите во урбаната средина.

За поубав град – со оваа активност „Макпетрол“ АД, како компанија со високи критериуми за зачувување и унапредување на животна средина, уште еднаш ја демонстрираше високата општествена одговорност и го потврди лидерството преку проекти кои се грижат за идните генерации.

Слика 6



**Прилог**
**Усогласување со законската регулатива од областа на животната средина во 2021 година во Макпетрол АД**

## Закон за управување со пакување и отпад од пакување Сл.В 215/21

(По разгледување на Законот, ги издвојуваме најважните одредби кои се однесуваат на работењето на Макпетрол АД)











Изработил:
Виш стручен соработник/Управител со отпад
Маја Сотировска

Одобрил: Директор на Дирекција
за стандардизација, квалитет и екологија
Горан Ангеловски

**1.** Во согласност со Законот за управување со пакување и отпад од пакување, издвоени се важни **дефиниции** за идентификација на својството во кое **Макпетрол АД** се јавува:

**-Производител,** правно или физичко лице кое пакува стоки или полни стоки во пакувања како и произведува или пушта во слободен промет стоки спакувани во пакувања, како своја дејност, вклучувајќи го и производителот кој како краен корисник пушта во слободен промет спакувана стока,
**-Трговец,** правно или физичко лице кое во синџирот на снабдување, го прави производот достапен на крајниот корисник.
**-Начело на одговорност I, Производителот** кој при вршење на својата дејност создава и придонесува кон создавање отпад од пакување е одговорен за преземање мерки за управување со пакување и отпад од пакување со цел да се елиминира и намали до крајна мера негативното влијание врз животната средина што настанува како резултат на отпадот од пакување создаден од неговата дејност, вклучувајќи и создавање услови за остварување висок степен на одделно собирање, повторна употреба, рециклирање и друг начин на преработка на отпадното пакување.
**-Начело на одговорност II, Производителот** на пакување е должен за изврши процена на животниот циклус на пакувањето на начин со кој ќе се подобрат еколошките карактеристики на пакувањето, ќе се исклучи или намали присуството на тешки метали и други токсични супстанци во пакувањето, како и да го дизајнира пакувањето на начин што ќе придонесе кон намалување на вкупниот обем на отпад од пакување со цел спречување на негативните влијанија врз животната средина.

**2.Што е пакување и какви видови постојат**

Од аспект на Законот за управување со пакување и отпад од пакување, како пакување се дефинираат сите производи направени од каков било вид материјал од која било природа што се користат за чување, заштита, ракување, испорака и презентирање стока од производител до корисникот или потрошувачот, без оглед на тоа дали стоката е суровина или готов производ.

- Неповратни предмети кои се користат за истите цели, исто така ќе се сметаат за пакување;
- Видови пакувања: пакувања за повторна употреба, композитно пакување, пластика, пластични кеси за носење стоки.

*Листата на илустративните примери за пакувања, ќе биде донесена со подзаконски акти.





Економски оператори поврзани со пакување се:

- Добавувачот на материјали за пакување,
- Производител,
- Трговец,
- Краен корисник.

Пакувањето може да биде:

1. продажно или примарно пакување,
2. групно или секундарно пакување,
3. транспортно или терцијално пакување.

Визуелно прикажано:

**Продажно или примарно, групно или секундарно и транспортно или терцијално пакување**



1 2 3

**Обврска на Макпетрол АД за повратен прием на продажно, групно и транспортно пакување:**

1. Макпетрол АД (производителот) е должен бесплатно да го прими назад:
   - Отпадот од групното и транспортното пакување;
   - Отпадот од продажното пакување кој е комерцијален[1] отпад (и не е комунален[2] отпад).
2. Макпетрол АД (производителот) за простор поголем од 200м$^2$ е должен да уреди одделен простор за собирање на отпадот од пакување, а доколу има простор помал од 200 м$^2$ да обезбеди простор за селективно собирање на отпадот од пакување. Да се идентификуваат ПЕ единици (за простории поголеми од 200м$^2$) каде е потребно да се набават контејнери за собирање отпад од продажното отпадно пакување;
3. Макпетрол АД преку колективниот постапувач може да обезбеди контејнери за собирање на отпадот од продажното, групното и транспортното пакување.

[1] Комерцијален отпад е отпад кој се создава од правните и физичките лица при вршење на комерцијални, индустрики, трговски, услужни, административни и слични дејнсоти и е сличен по природа или состав со отпадот од домаќинствата (дејноста трговија на големо и мало, угостителските услуги и барови, канцеларии и пазари, како и остатокот од услужниот сектор.

[2] Комунален отпад е отпадот од домаќинствата, како и друг отпад кој се создава во комерцијалнито и индустрискиот сектор кој поради неговите карактериситки, состав и количина е сличен со отпадот од домаќинствата

### 3. Пуштање на пакување на пазар на РСМ

Пуштање пакување на пазар е снабдување или ставање на располагање, преку производство или увоз, спакуван производ наменет за консумирање или употреба за **<u>прв пат на пазарот на РСМ.</u>**

### 4. Барања во однос на составот на пакувањето

Пакувањето што се произведува и пушта на македонскиот пазар мора да биде во согласност со европските и со националните стандарди за производство на пакување.

Забрането е вкупното ниво на концентрација на олово, кадмиум, жива и шестовалентен хром (тешки метали) присутно во пакувањето и во неговиот составен материјал или компоненти да надмине 100ppm од масата на пакувањето.

**<u>Обврски со означување на пакувањето за производите на Макпетрол АД</u>**

Ознаката на пакувањето мора да биде јасно видилива и лесно читилива при продажба и при враќање на пакувањето. Ознаката мора да биде издржлива и трајна, дури и тогаш кога пакувањето е отворено. Ознаката треба да биде поставена на самото пакување или на неговата етикета во согласност со Правилникот за начинот на нумерирање и кратенките на кои се заснова системот за идентификација и означување на материјалите од кои е произведено пакувањето, како и формата и содржината на ознаката за постапување со пакувањето СЛ.В. бр. 62/10.

Означувањето треба да ги содржи следниве податоци:

- видот на материјалот употребен во пакувањето,
- можноста за повторна употреба доколку постои и
- можност за преработка, односно рециклирање доколку постои.

Примери за ознаки:




Полиетилен терефалтат




Хартија




Хартија и картон/пластика/алуминиум

Доколку не го идентификуваме и означиме пакувањето со соодветна ознака во согласност со Законите, може да се соочиме со висока глоба до <u>140.000 евра</u>.

**5.Пластични кеси за носење стока и пластично пакување за еднократна употреба**

**Обврски на Макпетрол АД за пластични кеси за носење стока и пластично пакување за еднократна употреба**

Член 10, Забрането е пуштање на пластични кеси за носење на стока на пазарот на РСМ. Како исклучок може да се пуштаат на пазарот биоразградливи кеси за носење на стока, кои се произведени според строгите стандарди за биоразгралbackивост. Стандардите за биоразградливите кеси ќе бидат опишани во Правилник донесен од Министерот.

Надоместокот што мора да го платат крајните корисници (купувачите) за биоразградливите кеси е 15 денари.

Средствата што се обезбедуваат од продажбата на биоразградливи кеси, (трговците) Макпетрол АД е должен, врз основа на квартална евиденција, да ги пренесуваат на посебна сметка отворена за таа намена од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Казните за повреда на овие обврски се исклучително високи, до 140.000 евра.



**Членот 10, за забрането пуштање на кеси за носење стока, ќе започне со примена од 01.12.2021 година.**

**Макпетрол АД Скопје во својство на угостител (хотели Макпетрол)**

Во случај кога Макпетрол АД ја извршува дејноста на угостителство (преку Хотелите Макпетрол), член 10 се забранува пуштање на пластично пакување за еднократна употреба во угостителските објекти на територијата на заштитените подрачја (национални паркови) во РСМ. Забраната се однесува само на продажбата во угостителските објекти, а не и за објектите од трговската мрежа.

**Важно!**

**Членот 10, за забрането пуштање на пластично пакување за еднократна употреба ќе започне со примена од 01.12.2021 година.**

**6. Регистрација**

Обврска за писмена регистрација на Макпетрол АД (производителите) што пуштаат производи на пазарот на РСМ, најдоцна до **31.03.22 година.**

**Важно!**

**Обврска е да се регистрираат сите производи кои Макпетрол АД ги пушта на пазар на РСМ.**

Се подготвува Правилник, каде ќе биде пропишано барањето за регистрација. До 30.06.22 година, треба да се воспостави и електронски систем за регистрација.

**7. Каква евиденција треба да се води**

**<u>Задолжителна обврска за водење на евиденција за производите кои Макпетрол АД, ги пушта на пазарот на РСМ</u>**

Треба да се води **<u>Производствена спецификација</u>** и да биде изработена <u>за секој производ</u>, што Макпетрол АД го пушта на пазарот на РСМ, со информација за тежината и за видот на примарното, групно и транспортното пакување.

<u>Пример за производствена спецификација</u>

**ОБ.01.127/14 Производствена спецификација за отпад од пакување (ПР.01.101 Процедура за Управување со комерцијален и опасен отпад)**

Производствена спецификација Број: Дата:

| Ред. број | Име на пакување | Вид на пакување | Опис на компонентите на пакувањето | **Вид на материјалот за пакување по тежина (во кг.)** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Пластика | Хартија и картон | Метал | Стакло | Дрвени материјали | Композитни материјали |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 8 | 10 |
| | | Продажно | шише | 0,048 | | | | | |
| | | | капаче | 0,005 | | | | | |
| | | | етикита | 0,005 | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | Групно* | | | | | | | |
| | | | Пакет од пластика (6 шишиња) | 0,005 | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | Транспортно** | картон | | 0,1 | | | | |
| | | | неповратна палета | | | | | 0,2 | |
| | | | стеч фолија | 0,00139 | | | | | |
| | | | | | | | | | |

| **Вкупно:** | **0,6439** | **0,1** | **0** | **0** | **0,2** | **0,2** |
|---|---|---|---|---|---|---|

Забелешка:*Се дели по единечни производи кој бил спакуван, односно обвиткан во групно пакување (пакет, гајба, кутија, ќеса..)

**Се дели по единичен производ кој бил транспортиран односно обвиткан во транспортно пакување ( палета, сандак, кутија, ќеса)

Овластено лице: Потпис:
(име и презиме)

Врз основа на изработената спецификација за секој производ и за количините производи пуштени на пазар на РСМ, треба да се изработи **<u>месечна евиденција</u> ОБ.01.126/14** и да се достави до Управителот за отпад во Макпетрол, на email:

maja.sotirovska@makpetrol.com.mk

Пример за месечен извештај кој треба да се достави до Управителот за отпад

**ОБ.01.126/14 Образец за месечна евиденција за отпад од пакување (ПР.01.101 Процедура за Управување со комерцијален и опасен отпад)**

Име на производител: Страна:
Образец за месечна евиденција: Број:
За период од: до: година:

| Ред.број | Број на фактура/ Царинска декларација | **Име на пакуван производ** Пуштен на пазар и број на негова производна спецификација | **Количина на пакувани от производ** (по парче) | Вид на материјалот за пакување по тежина (во кг.) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Пластика | Хартија и картон | Метал | Стакло | Дрвени материјали | Композитни материјали |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| 1 | | Антифриз | 50 (0.01 парче) | 0,5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2 | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | | |
| | | **Вкупно:** | | 0,5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Дата:

Овластено лице: Потпис и печат:
Директор:

**8. Обврски кога Макпетрол АД е трговец**

**Важно!**

Обврска на Макпетрол АД е за спакуваната стока што ја продава, да обезбеди од производителот од кого е донесена стоката **Потврда** издадена од колективниот постапувач дека е **платен надоместок за управување со пакување и отпад од пакување.**

Дополнително, должни сме целиот отпад од пакување што настанува во Макпетрол АД да го селектираме и да го предадеме на собирач или оператор за управување со отпад, кој претставува дел од колективен постапувач, со задолжителен транспортен и идентификационен формулар.

**9. Информативно**

Надоместокот за управување со пакување и отпад од пакување, согласно законот може да се реализира преку :

1. Ослободување на плаќање на надоместок со плаќање кон државата, каде ставките за плаќање се големи:
    - 7.400 ден/тон за хартија и дрво,
    - 9200 ден/тон, пластика, метал, копмозит, стакло.
2. Производител член на колективен постапувач (Макпетрол АД е вклучен во колективен систем за постапување со Пакомак од 29.06.2011г.), цените кои ги плаќаме се следните:
    - 11 евра/тон за хартија и картон,
    - 13 евра/тон за пластика,
    - 12 евра/тон за композитни материјали.
3. Мал производител, кој годишно пушта на пазарот на РСМ спакувани стоки исти или помали од:
    - 800 кг стакло,
    - 100 кг пластика,
    - 10 кг пластични кеси,
    - 300 кг хартија, картон како и повеќеслојно пакување најмногу составено од картонски делови,
    - 100 кг метал,
    - 100 кг дрво, и за тие количини плаќа паушал на државата од 6.000денари.

**Задолжителната обврска согласно законот е реализирана, преку Колективен постапувач:**

**Макпетрол АД е вклучен во колективен систем за постапување со отпад со Пакомак од 29.06.2011г. Со тоа Макпетрол АД е ослободен од плаќање на надоместок кон државата за отпад од пакување.**

**10. Прекршочни санкции**

Прекршочните санкции за непочитување на одредби на Законот за управување со пакување и отпад од пакување, се од 9.000 евра до 200.000 евра.